USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

# Проценка на културните вредности Статистички регион Скопје

ПРОЕКТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Мај 2009



**мај 2009**

Оваа публикација е подготвена за Американската агенција за меѓународен развој. Проценката беше направена од страна на Barrett Values Centre  и Coach Era Group, кои беа ангажирани од ARD, Inc. кој го спроведува  УСАИД/Проект за локална самоуправа.

**Подготвено од:**

**Barrett Values Centre, www.valuescentre.com : +1 828 452 5050**

**Coach Era Group, www.skyisthelimit.org : + 38 (0)70 956 977**

**За УСАИД/Проект за локална самоуправа:**

**М-р. Розалија Карчицка- Василевска,**

**Лидер на тимот за локален економски развој, УСАИД/ Проект за локална самоуправа**

**Адреса:**

**Улица "Прашка" Бр.48, 1000 Скопје**

**Контакт:**

**М-р. Розалија Карчицка - Василевска**

**Тел/факс: +389 (0) 2 3061 272**

**email:** rvasilevska@mlga.com.mk

**Авторско право © 2008. Сите права се заштитени. Овој документ не смее целосно или делумно да се преведува или копира без дозвола на издавачот. Се забранува било какво зачувување или архивирање, електронско прилагодување, компјутерско прилагодување или употреба на слична или различна технологија која се употребува денеска или ќе се развие во иднина.**

Barrett Values Centre

КОУЧ
ЕРА

# Проценка на културните вредности
# Статистички регион Скопје

Мај, 2009

Подготвено од: Barrett Values Centre

За повеќе информации упатете се на www.valuescentre.com или јавете се на +1 828 452 5050

Контакт во Македонија: **Coach Era Group**, www.skyisthelimit.org или јавете се на 070 956 977



# Table of Contents




| | | |
|---|---|---|
| **Извршно резиме** | | **1** |
| **Дел 1** | | **2** |
| | *Лични вредности* | *3* |
| | *Вредности на моменталната култура* | *5* |
| | *Моментална ентропија* | *7* |
| | *Вредности на пожелната култура* | *9* |
| | *Распределба на сите вредности* | *12* |
| | *Позитивни вредности по нивоа* | *14* |
| | *Скок на вредностите* | *15* |
| **Дел 2** | | **165** |
| | *Препораки* | *176* |

# Преглед

## МОМЕНТАЛНИ СИЛНИ СТРАНИ на статистичкиот регион Скопје

**Личните вредности** на луѓето од статистичкиот регион Скопје укажуваат дека тие:

- **Покажуваат отвореност и поддршка во нивните односи**
- **Покажуваат сигурност и силен поттик да ги реализираат своите цели**
- **Покажуваат предвидување на различни пристапи кон животот и постоењето**
- **Покажуваат дека се грижат за себе и за останатите во нивниот живот**

**Нивната врвна вредност е "семејството". Тие исто така поседуваат голем број на тип на вредности кои се однесуваат на "односите со луѓето"**. Тоа покажува дека луѓето и поврзаноста со нив им се особено важни во нивниот живот.

**Нивните вредности се концентрирани на ниво 5**. Тоа покажува дека тие бараат цел и значење во нивните животни искуства.

Двигател на **моменталната култура** на заедницата се вредности со кои се промовираат:

- **Хронични проблеми на ниво на опстанок**
- **Стравови за сигурноста**
- **Неправични и незаконски деловни практики**
- **Нејасност во однос на насоките на заедницата**

**Притоа, има само една позитивна вредност: мир.**

Јасно е дека луѓето во заедницата се фрустрирани и фокусирани на моменталните услови и однесување.

**Ентропијата изнесува 48%, што укажува на значителна дисфункционалност.** Ентропијата на ова ниво е неодржлива за иднината и мора да биде намалена за да се избегнат понатамошни социјални немири и потенцијални финансиски последици.

## КАКО ПОНАТАМУ ЗА

### Статистички регион Скопје

Испитаниците сакаат да ја задржат својата фокусираност во заедницата на "мирот".

Тие имаат избрано девет нови вредности кои се фокусирани на градење на поцврста основа или фискален развој. **Луѓето сакаат да живеат во заедница која создава можности за работа, и која во предвид го зема долгорочото влијание на луѓето и нивната средина**.

Тие сакаат заедницата да ги заштити најслабите, старите и обесправените луѓе во заедницата.

Има поголема фокусираност на "социјален" тип на вредноти, што покажува дека тие сакаат нивната заедница да се предводи од принципите со кои се поддржува општото добро.

Забележете дека и покрај тоа што распределбата на сите вредности покажува дека има вредности на нивоата 3 и 4, за областите на системи и процеси и непрекинато обновување, нема врвни вредности кои се претставени во Пожелната култура.  Тоа укажува дека има фокусираност во оваа област, но мал консензус заради кој тие вредности би биле двигател на промените.  Би било корисно да се зборува за овие нивоа со луѓето, за да се стекне поголема јасност во однос на тоа кои вредности ќе ги поддржат промените на овие нивоа.

# Дел 1

## Скопје Статистички регион

# Дел 1: Лични вредности

**Лични вредности според редослед на застапеност**

| | Гласови | Ниво |
|---|---|---|
| семејство | 82 | 2 |
| чесност | 70 | 5 |
| **соработка** | 65 | 5 |
| здравје | 60 | 1 |
| одговорност | 52 | 4 |
| амбиција | 51 | 3 |
| креативност | 51 | 5 |
| почит | 50 | 2 |
| грижа | 44 | 2 |
| праведност | 43 | 5 |




## Што е значајно за луѓето од македонските заедници?

*Од анализата на Личните Вредности кои ги имаат одбрано луѓето во вашата заедница, може да се увиди кои се основните вредности кои ги обединуваат, и кои тие ги извлекуваат од колективното кога носат одлуки во нивниот живот (Врвни вредности). Исто така, може да се види како се распределени нивните вредности низ Седумте Нивоа на Моделот на Свесност (Сите вредности). Секоја вредност која е избрана може да се класифицира како Индивидуална (**I**ndividual),Односи со луѓе (**R**elationship) или Социјална вредност (**S**ocietal Value) (**IRS**).*

### Клучни теми од Врвните вредности

- Отвореност и поддршка во нивните односи со луѓето
- Да се биде сигурен и да се има силен поттик за реализација на своите цели
- Грижа за себе и за останатите во нивните животи

### Концентрираност на вредностите

- Во рамките на врвните лични вредности, вредностите се наоѓаат на пет од седумте нивоа со концентрираност на нивото 5 – Внатрешна кохезија.  Ваквата концентрираност покажува дека повеќето од луѓето во оваа група се фокусирани да ја најдат животната мисијата и значење.
- Кога ќе се разгледаат сите одбрани вредности, гледаме најголема концентрираност на ниво 5 –

Внатрешна кохезија (27%). Нивото 5 претставува лична кохезија, зрелост и/или барање на значење. Распределбата на сите вредности покажува каде оваа група највеќе ја концентрира енергијата, а не само онаму каде има консензус за одредени вредности.

## Празнини во вредностите

*Празнини во вредностите се јавуваат онаму каде едно или повеќе од седумте нивоа нема врвни вредности. Тоа може да значи една од следниве работи за нивоата а) за тоа ниво несвесно се води грижа, б) тие нивоа се слепа точка, или в) тие нивоа претставуваат следна област за развој*

Во следниве нивоа нема врвни позитивни вредности:

Ниво 6 – Правењето промени се фокусира на создавање позитивни промени со свесност и давање придонес од лична перспектива, но и од перспектива на заедницата

Ниво 7 – Службата го одразува највисокото ниво на внатрешна и надворешна поврзаност

Значајно е да се провери табелата 'Сите вредности' на нивоата каде нема врвни вредности, за да се види дали процентот на вкупниот број на гласови на тоа ниво е зачителен. Висок процент на ниво кое нема врвни вредности укажува дека има фокусираност на таа област, но дека има мало сложување  во однос на тоа кои вредности се важни.

## Типови на вредности

- **IRS:** Од врвните позитивни вредности кои се одбрани, пет се индивидуални вредности, пет се вредности за односите со луѓето, и нема ниедна социјална вредност. Вообичаено е кај личните вредности да се забележи фокусираност на "индивидуален" тип на вредности.  Меѓутоа, оваа група исто така покажува и голем број на вредности за односите со луѓето, што укажува дека луѓето и нивните врски им се значајни во животот.

# Дел 1: Вредности на моменталната култура

**Вредности на моменталната култура според редослед на застапеност**

| | Глас | Ниво |
|---|---|---|
| Невработеност (L) | 107 | 1 |
| Несигурност за иднината (L) | 83 | 1 |
| сиромаштија (L) | 79 | 1 |
| корупција (L) | 76 | 1 |
| бирократија (L) | 59 | 3 |
| Загадување на жив. сред.(L) | 59 | 1 |
| криминал/асилство (L) | 50 | 1 |
| ***мир*** | 49 | 7 |
| непотизам (L) | 45 | 2 |
| обвинување (L) | 41 | 2 |




## Што е оформување на искуството на учесниците?

*Вредностите на моменталната култура ја одразуваат перцепцијата на учесниците за нивната заедница и секојдневната средина во која живеат и работат – позитивните аспекти на нивните искуства и областите на потенцијални проблеми. Покрај типовите на вредности кои се наведени за личните вредности (IRS), исто така имаме и организациски тип на вредности. (IROS)*

### Клучни теми од врвните вредности

- Хронични проблеми на ниво на опстанок
- Стравови за сигуроста
- Неправичи и незаконски бизнис практики
- Нејасност за насоките на заедницата

### Концентрираност на вредностите

- Во Моменталната култура, врвните вредности се распределени во четири од седумте нивоа со концетрираност на нивото 1, што покажува дека голем дел од енергијата оди на потребите за опстанок.  Меѓутоа, речиси сите вредности се ограничувачки, и ги исцрпуваат ресурсите и енергијата за раст и развој во оваа област.

- Кога ќе ги погледнеме сите вредности, и позитивните и потенцијално ограничувачките, може да се забележи дека најголемата фокусираност на оваа заедница е повторно а нивото 1 - Опстанок (31%).  Нивото 1 претставува финансиска стабилност и

безбедност, и сигурност на луѓето во заедницата. Како што може да се забележи, поголемото мнозинство е фокусирано на ограничувачките вредности.

### Празнини во вредностите

Во следниве нивоа нема врвни позитивни вредности:

Ниво 1 – Опстанокот е фокусиран на финансиски прашања и развој на заедницата

Ниво 2 – Односите се фокусирани на интерперсонални односи

Ниво 3 – Само-почитта се фокусира на остварувањето, системите и процесот

Ниво 4 – Трансформацијата се фокусира на обнова и развој

Ниво 5 – Внатрешната кохезија се фокусира на градење на чувство на заеднички дух внатре во заедницата

Ниво 6 – Правењето промени со создавање на взаемно корисни партнерства, како во така и надвор од заедницата.

### Типови на вредности

- **IROS:** Помеѓу врвните позитивни вредности кои се одбрани нема индивидуални вредности, нема вредности за односите со луѓето, нема организациски вредности, и има само една социјална вредност. Тоа покажува дека луѓето гледаат мала позитивна фокусираност во заедницата.

### Совпаѓање на вредностите: Лични вредности и вредности од моменталната култура

*Совпаѓањето на вредностите укажува на усогласеност. Колку е поголем бројот на лични вредности и вредности од моменталната култура, поголем е степенот до кој луѓето веројатно ќе чувствуваат силна поврзаност помеѓу нивните лични вредности и средината во нивната заедница.*

*Во особено усогласени култури, може да се очекува да се видат три или четири лични вредности и вредности од моменталната култура кои се совпаѓаат.*

Нема вредности кои се совпаѓаат.

Несовпаѓањето на вредностите во вашата заедница укажува дека луѓето во вашата заедница не се усогласени со вредностите на моменталната култура. Непостоењето на усогласеност го намалува нивото на анажираност која луѓето ја чувствуваат кон заедницата, создава фрустрации и разочарување.

# Дел 1: Моментална ентропија




| Ниво | Потенцијални ограничувачки фактори (гласови) | Процент Ентропија |
|---|---|---|
| 3 | бирократија (59)<br>неписменост (40)<br>песимизам (37)<br>централизирана влада (35)<br>елитизам (20)<br>потрошени ресурси (18)<br>строги морални/религиозни правила (14) | 223 од 351:<br>11% од<br>вкупниот број<br>на гласови |
| 2 | непотизам (45)<br>обвинување (41)<br>омраза (35)<br>конфликт/агресија (33)<br>традиција (31)<br>изолираност (30)<br>етничка дискриминација (18)<br>полова дискриминација (14) | 247 од 331:<br>12% од<br>вкупниот број<br>на гласови |
| 1 | невработеност (107)<br>несигурност за иднината (83)<br>сиромаштија (79)<br>корупција (76)<br>загадување на животната средина (59)<br>криминал/насилство (50)<br>краткорочна фокусираност (30)<br>материјализам (16)<br>тероризам (7) | 507 од 622:<br>25% од<br>вкупниот број<br>на гласови |

**Потенцијалните ограничувачки вредности** *создаваат културна ентропија. Ентропијата претставува мерка за степенот на нефукционалност на системот, и го претставува соодносот на гласови за потенцијални ограничувачки вредности. На табелата е прикажан процентот на потенцијални ограничувачки вредности во Моменталната Култура. Потенцијално ограничувачки вредности се наоѓаат само на нивоата 1, 2 и 3. На табелата се прикажани специфичните работи кои придонесуваат за ентропија на секое ниво. Ниво на ентропија од 10 проценти или помалку укажува на здрава заедница.*

**48%** од сите гласови беа за потенцијално ограничувачки вредности. **Тоа е алармантно високо ниво на ентропија, кое укажува на потенцијален финансиски колапс и социјални немири. Во најскоро време треба да се посвети внимание на културна и структурна трансформација, и развој на лидерството.**

- Постојат девет потенцијални ограничувачки вредности во врвните вредности на Моменталната култура. Кои се причините и поправните активности за ваквите вредности?

# Дел 1: Моментална ентропија (продолжува)

**Невработеноста** води кон сиромаштија, и може да ја рашири надолната економска спирала

**Несигурноста за иднината** може да го попречи развојот и инвестициите, и да доведе до прекумерна претпазливост при носење на долгорочни одлуки.

**Сиромаштијата** ја поткопува економската и социјалната издржливост на нацијата. Економскиот развој се поткопува со тоа што се отежнува основањето и развојот на домашните пазари. Општествениот развој се поткопува преку намалување на пристапот на владата до средства од оданочување.

**Корупцијата** е показател дека има поголема фокусираност на личниот интерес отколку на општото добро. Корупцијата генерира економска неефикасност, и се отежнува напредокот на бизнисите.

**Бирократијата** ја отежнува успешноста на бизнисите, и исто така го отежнува пристапот на граѓаните до јавните услуги кои им се потребни.

**Загадувањето на животната средина** го нарушува здравјето во заедницата и способноста на земјата да го одржи животот.

**Криминалот/насилството** укажуваат дека луѓето се плашат за својата основна сигурност и безбедност.

**Непотизмот** создава неправичен систем, во кој луѓето не се вработуваат врз основа на компетентноста, туку врз основа на нивните врски со работодавачот. Тоа создава огорченост и моќта ја става во рацете на помалку компетентните.

**Обвинувањето** укажува на култура која се базира на страв, и кога луѓето избегнуваат да преземат одговорност за нивните дела и ги проектираат своите грешки на останатите.

### Концентрираност на ентропијата

- Ентропијата е концентрирана на Ниво 1, што укажува на сериозни проблеми во однос на тоа како заедницата ги задоволува потребите за опстанок.

### Клучни теми

- Недостиг на сигурност и заштита на граѓаните во заедницата
- Деловни практики кои се неправични и слабо се придвижуваат нанапред
- Недостиг на можности за работа, и недостиг на основни потреби за опстанок за поголемиот дел од популацијата
- Недостиг на заштита на животната средина и идните генерации

# Дел 1: Вредности на пожелна култура

**Вредности на пожелната култура според редослед на застапеност**

| | Глас | Ниво |
|---|---|---|
| Можности за вработување | 93 | 1 |
| Грижа за идните генерации | 86 | 7 |
| Квалитет на живот | 72 | 6 |
| Финансиска стабилност | 69 | 1 |
| *мир* | 66 | 7 |
| Намалување на сиромаш. | 63 | 1 |
| **соработка** | 57 | 5 |
| Економски развој | 55 | 1 |
| Еколошка свесност | 53 | 7 |
| Свесност за жив.средина | 53 | 6 |




## Кои вредности ги сакаат учесниците за својата иднина?

*Вредностите на Пожелната култура го одразуваат она што учесниците веруваат дека е важно за добросостојбата на нивната заедица. Тие вредности претставуваат патоказ за иднината преку идентификување на можни решенија за постоечките проблеми и вредности кои треба да се зајакнат.*

### Клучни теми од врвните вредности

- Стабилизирање на основните потреби за засолниште и работа
- Ефективно раководство со кое се заштитува земјата, и се води грижа за оние кои ќе дојдат по нас
- Луѓето работат заедно
- Создавање на средина која има значење и која исполнува, а каде луѓето можат да напредуваат.

### Совпаѓање на вредностите: Моментална култура и пожелна култура

*Вредностите кои се совпаѓаат укажуваат на усогласеност. Колку е поголем бројот на вредности од моменталната и пожелната култура кои се совпаѓаат, токлку е поголем степенот до кој луѓето веруваат дека заедницата е на правиот пат.*

Има една вредност која се совпаѓа:

**мир**

Ова е карактеристиката која групата сега ја искусува, и сака да продолжи да ја поддржува во иднина. Совпаѓањето на една до три вредности укажува дека луѓето имаат

доверба во моменталната насока на заедницата, но сепак сакаат да видат значителна промена во вредностите со што нивната средина ќе се издигне и зајаке.

**Совпаѓање на вредностите: Лични вредности и пожела култура**

Има една вредност што се совпаѓа:

**соработка**

Ова е вредност која, доколку биде избрана да биде водечки принцип на заедницата, може лесно да профункционира во оваа група, бидејќи е важно за нивниот секојдневен живот.

**Вкрстено совпаѓање**

Нема вкрстено совпаѓање на вредностите помеѓу личните вредности, вредностите на моменталната и на пожелната култура.

**Нови вредности во пожелната култура**

*Тоа се вредности од листата на вредности на пожелната култура, кои не се наоѓаат на листата на вредности на моменталната култура. Тоа се вредности кои испитаниците би сакале да ги видат спроведени, за да вашата заедница стане пофункционална.*

Во дијаграмот на вредности има девет нови вредности.

**Можности за вработување**
**Грижа за идните генерации**
**Квалитет на живот**
**Финансиска стабилност**
**Намалување на сиромаштијата**
**Соработка**
**Економски развој**
**Еколошка свесност**
**Свесност за животната средина**

**Концентрираност на вредностите**

- Во пожелната култура, врвните вредости се распределени во четири од седум нивоа со концентрираност на ниво 1, со што се покажува дека учесниците сакаат да ја посветат енергијата на финансиските прашања и развој на заедницата.
- Кога ќе ги погледнеме сите вредности кои се избрани, може да се забележи дека фокусираноста на оваа заедница е а ниво 1- Опстанок (20%). Нивото 1 претставува финансиска стабилност и безбедност и сигурност на луѓето во заедницата.

**Празнини во вредностите**

Врвни позитивни вредности нема на следниве нивоа:

Ниво 2 – Односите се фокусирани на интерперсоналните односи, внатрешни, надворешни, и двете

Ниво 3 – Само-почитта се фокусира на остварувањето, системите и процесите

Ниво 4 – Трансформацијата се фокусира на обнова и развој

# Дел 1: Вредности на пожелна култура (продолжува)

Процентот на ‘Сите вредности’ укажува колква фокусираност сметаат учесниците дека треба да има во секоја од овие области.

## Типови на вредности

- **IROS:** Од врвните позитивни вредности кои се избрани две се индивидуални вредности, една вредност за односите со луѓето, три се организациски вредности и четири се социјални вредности. Тоа покажува дека луѓето сакаат заедницата да промовира вредности кои ќе бидат за општо добро.

# Дел 1: Распределба на сите вредности

*Дијаграмите за распределба на вредностите го покажуваат процентот на гласови за вредностите во трите главни области - "Личен интерес," "Трансформација" и "Општо добро." "Личниот интерес" е претставен на нивоата 1, 2 и 3, и ги опфаќа нашите основни потреби, како што се финансиско и физичко здравје, интерперсонални односи, и системи и процеси кои ги поддржуваат нашите индивидуални потреби и потреби во заедницата. "Трансформацијата" е претставена на нивото 4. Ова ниво се однесува на давањето можност на луѓето да го кажат својот став, да започнат да ги оспоруваат и испитуваат идите, и да ги користат можностите за развој и учење. "Општото добро" ги опфаќа нивоата 5, 6 и 7. На овие нивоа, поединците и заедниците се фокусирани на добросостојбата на колективното, наоѓаат значење во својот живот и работа, и на кој начин можат да ги поддржат другите во градењето на долгорочна одржлива иднина.*




Тука има неусогласеност во однос на вредностите кои луѓето ги сметаат за лични, и оние вредности кои моментално ги искусуваат во вашата заедница.

Има сериозна неусогласеност помеѓу распределбата на вредностите кои луѓето мометално ги искусуваат и оние вредности кои тие би сакале да ги видат во пожелната култура. Ваквата неусогласеност покажува дека тие гледаат потреба да се промени фокусираноста од задоволувањето на потребите за опстанок на служење за општо добро.

Има точна усогласеност помеѓу личните вредности на групата и насоката која тие ја бараат во пожелната култура, што укажува дека тие имаат енергија да ги поддржат промените кои ги бараат.

# Дел 1: Вредности на пожелна култура (продолжува)

# Дел 1: Позитивни вредности по ниво




| Ниво | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пожелна култура Вредности | Можности за вработување<br>Финансиска стабилност<br>Намалување на сиромаштијата<br>Економски развој | | | | соработка | Квалитет на живот<br>Свесност за животната средина | Грижа за идните генерации<br>мир<br>еколошка свесност |

*Овој дијаграм го покажува процентот на гласови за позитивни лични вредности, вредности на моменталната и пожелната култура по нивоа. На табелата се прикажани врвните вредности на пожелната култура кои ги имаат избрано учесниците на нивоата на кои тие бараат најмногу нова фокусираност. Тие се значајни бидејќи обезбедуваат појаснување за пожелната насока на вашата организација.*

**Лични**

**Моментална култура**

**Пожела култура**

# Дел 1: Скок на вредностите

Оваа табела ги прикажува вредностите за кои има најголемо зголемување во бројот на гласови од Моменталната култура за Пожелната култура.  Вредностите со **затемнети букви** се врвни вредности во Пожелната култура.  Тоа се вредностите, кои учесниците сметаат дека треба да се зајакнат за добросостојбата на заедницата во иднина.

**Клучни барања:**

- Стабилизирање на основните потреби за засолниште и работа
- Обезбедување поддршка и заштита за најслабите во заедницата
- Ефективно управување со кое се заштитува земјата, и одговорност за оние кои ќе дојдат по нас

| Вредност | Моментална култура Гласови | Пожелна култура Гласови | Скок |
|---|---|---|---|
| **Можности за вработување** | 27 | 93 | 66 |
| **Финансиска стабилност** | 7 | 69 | 62 |
| **Грижа за идните генерации** | 32 | 86 | 54 |
| **Намалување на сиромаштијата** | 12 | 63 | 51 |
| **Економски развој** | 6 | 55 | 49 |
| **Квалитет на живот** | 24 | 72 | 48 |
| Гордост за заедницата | 14 | 43 | 29 |
| Достапно становање | 5 | 33 | 28 |
| Грижа за обесправените | 8 | 35 | 27 |
| Рамноправност | 19 | 45 | 26 |
| Грижа за постарите | 10 | 36 | 26 |
| **Свесност за животната средина** | 28 | 53 | 25 |

# Дел 2

## Препораки

# Дел 2: Препораки

*Дадените препораки се базираат на вашите резултати и даваат увид и истакнуваат прашања со кои ќе се предводи идната насоченост и успешност на вашата заедница.*

- Подгответе план за интерно соопштување на овие резултати. Размислете околу организирање на фокус групи за да се стекне подобро разбирање на специфичните области или прашања, како и за планирање на чекори за подобрување.
- Културната ентропија во вашата заедница, 48%, треба веднаш да се намали, бидејќи е предупредувачки висока. Идентификувајте го значењето и искуствата кои луѓето ги гледаат во потенцијално ограничувачките вредности од **невработеноста, несигурноста за иднината, сиромаштијата, корупцијата, бирократијата, загадувањето на животната средина, криминалот/насилството, непотизмот, и обвинувањето**. Запрашајте ги учесниците кои сметаат дека се причините за ограничувачкото однесување и негативните резултати за секоја од овие вредности, и поправните активности кои може да ги преземат тие или други лица. Размислете да направите анализа на трошоците за овие вредности, за да видите како тие влијаат на заедницата во однос на изгубената ефикасност и продуктивност.
- Дефинирајте ги клучните области на кои ќе се фокусира вашата заедница во следната година. Изгответе конкретни активности и програми со кои ќе се поттикнат таквите промени. Размислете да го повторите истражувањето и следната година, за да го оцените напредокот кој сте го постигнале во овие области.
- Особено посветете внимание на оние лични вредности кои се побарани во пожелната култура. Зборувајте со луѓето за да видите колку им значат овие вредности на нив, и што можат тие да направат за да подобро се поддржат тие вредности на нивното работно место. Подгответе програми за интегрирање на вредностите за да луѓето можат повеќе да истакнат кои се тие, и што можат тие да понудат за работата.
- Погледнете ги празнините во вредностите на Моменталната култура –Дали тие означуваат слабости во заедницата? Дали има силно повикување за вредности на овие нивоа во Пожелната култура? Дали има концентрираност на личните вредности кои се поврзани со овие нивоа?
- Проучете ги новите вредности кои се бараат во Пожелната култура: **можности за вработување**, **загриженост за идните генерации**, **квалитет на живот**, финансиска стабилност, намалување на сиромаштијата, соработка, **економски развој**, еколошка свесност, **и свесност за животната средина**. Одредете го нивното значење, и кои промени во однесувањето се потребни за да се имплементираат овие вредности.
- Дискутирајте како може вашата заедница да придонесе кон продолжување на вредноста на **мирот**.
- Разгледајте го скокот на вредности од Моменталната култура во Пожелната култура – дали има зборови кои не се појавуваат во Пожелната култура, а кои се чинат значителни во однос на моменталната ситуација во заедницата?

# Седум нивоа на лична свесност

## Распределба на свесноста

Поединците и заедниците не функционираат од едно единствено ниво на свесност.  Тие тежнеат да се групираат околу три или четири нивоа. Поединците обично се фокусираат на нивоата од 1 до 5, вообичаено со посебен акцент на нивото 5.

## Ниво 1: Опстанок

Нивото 1 се фокусира на физичкиот опстанок и сигурност. Тука спаѓаат вредности како што се финансиска стабилност, здравје, исхрана и само-дисциплина.

Потенцијалните ограничувачки аспекти на ова ниво се генерираат од стравот да не се има доволно, и да не се биде во можост да се опстане.  Ограничувачките вредности вклучуваат алчност, контрола и претпазливост.

## Ниво 2: Односи со луѓето

Нивото 2 се фокусира на квалитетот на интерперсоналните односи во животот на поединецот.  Тука спаѓаат вредности како што се отворена комуникација, семејство, пријателство, разрешување на конфликти и почитување.

Потенцијалните ограничувачки аспекти на ова ниво се генерираат од стравови од неприпадност и не добивање признавање. Ограничувачки вредости на ова ниво вклучуваат ривалство, нетолерантност и да се допаѓате на другите.

## Ниво 3: Само-почит

Нивото 3 се фокусира на потребата на поединецот да има чувство на лична вредност.  Тука спаѓаат вредности како што се да се биде најдобар, амбиција, фокусираност на кариера, и наградување.

Потенцијално ограничувачки аспекти на ова ниво се генерираат од стравот да се биде недоволен во очите на другите, и недостиг на позитивен став за себе. Потенцијално ограничувачките вредости вклучуваат статус, ароганција и личен имиџ.

**Забелешка: нема потенцијални ограничувачки вредности во нивоата од 4 до 7.**

## Ниво 4: Трасформација

Нивото 4 се фокусира на само-актуелизација и личен развој.  Тука се содржани вредности како што се храброст, отчетност, одговорност, знаење и независност.

На ова ниво поединците ги надминуваат анксиозноста и стравовите кои ги имаат од првите три нивоа на свесност.  Тоа е исто така ниво каде поединците почнуваат да наоѓаат баланс во својот живот и одлуките ги носат врз основа на нивните вредности, а не врз основа на своите верувања.

## Ниво 5: Внатрешна кохезија

Нивото 5 се фокусира на индивидуалното барање на значење. Поединците кои функционираат на ова ниво повеќе не размислуваат во однос на работата или кариерата, тука за поврзување на нивната работа со нивната лична мисија.

Ова ниво содржи вредности како што се посветеност, креативност, ентузијазам, хумор/забава, извонредност, благородност и чесност.

## Ниво 6: Правење промени

Нивото 6 се фокусира на актуелизација на чувството за мисија на поединецот, со тоа што прави позитивни промени во светот. Поединците кои функционираат на ова ниво бараат да ја култивираат својата интуиција како свое главно средство за носење на одлуки. Тие исто така го препознаваат значењето на заедничка работа со другите за да извршат своето влијание во светот.

Ова ниво содржи вредности како што се емпатија, советување, работа во заедницата и свесност за животната средина.

## Ниво 7: Служба

Нивото 7 се стекнува кога правењето промени станува начин на живот. Тука се одразува највисокиот ред на

внатрешна и надворешна поврзаност, и се прикажува како несебична служба за другите или за одредена кауза.

Поедиците кои функционираат на ова ниво на поврзаност покажуваат мудрост, сочувство, и простување, и тие лесно ја прифаќаат несигурноста. Тие имаат глобална перспектива. Тие се загрижени за прашања како што е социјалната правда, човековите права и идните генерации.

# Седум нивоа на свесност во заедницата

## Преглед

Сите структури на човечки групи растат и се развиваат во седум добро дефинирани стадиуми. Секој стадиум се фокусира на одредена егзистенцијална потреба која е заедничка за човечката состојба. Тие седум егзистенцијални потреби се главните движечки сили за сите човечки работи. Нивото на раст и развој на сите структури на човечки групи зависи од способноста на лидерите да создадат услови кои им овозможуваат на членовите на групата да ги задоволат овие седум егзистенцијални потреби. Доколку тие потреби не се задоволат, тогаш свесноста на луѓето во групната структура ќе остане фокусирана на тие потреби се до нивното задоволување.

## Ниво 1: Опстанок

Трите главни области на фокусираност или загриженост во заедниците кои функционираат од ова ниво на свесност се безбедноста, економското здравје и просперитетот на масите; како и здравјето и исхраната на сите граѓани.

Нефункционалноста на ова ниво води кон невработеност, корупција и деградирање на животната средина и голем диспаритет во приходите помеѓу богатите и сиромашните. Оттаму произлегуваат криминалот и насилството, бидејќи оние кои се најблиску до опстанокот тежнеат да ги задоволат своите потреби на секој можен начин.

## Ниво 2: Односи со луѓето

На ова ниво на свесност, има фокусираност на мирно разрешување на конфликтите помеѓу поединците и групите; создавање на чувство на припадост кое ги вклучува сите граѓани, и лојалност на граѓаните кон владата во заедницата.

Нефункционалноста во оваа област води кон меѓуетнички/меѓурелигиски насилства, виктимизација или неправеден третман на малцинствата или под-групите врз основа на полот, сексуалната ориентација, расата, итн.

## Ниво 3: Само-почит

Областите на фокусираност во заедниците кои функционираат од ова ниво на свесност се: воведување и спроведување на закон и ред; создавање на институции за управување врз основа на ефикасни системи и процеси и обезбедување на јавна инфраструктура и услуги со кои се зголемува продуктивноста на заедницата и добросостојбата и просперитетот на луѓето.

Нефункционалноста во оваа област води кон проблеми во пристапот до услугите и голема појава на криминални активности и недостиг на јавна заштита од нескрупилозните бизниси.

**Забелешка: Нема потенцијални ограничувачки вредности во нивоата 4 до 7.**

## Ниво 4: Трансформација

Фокусираноста на четвртото ниво на национална свесност е на консолидирање на внатрешната стабилност преку создавање на мултикултурно, рамноправно општество, во кое се почитуваат правата на сите граѓани.

Ова е ниво на демократија и слобода, каде граѓаните дејствуваат одговорно за доброто на сите, со фокусираност на непрекинато подобрување и обновување.

### Ниво 5: Внатрешна кохезија

На ова ниво фокусираноста е на продлабочувањето на внатрешната издржливост на заедницата со фокусираност на правичноста, отвореноста и транспарентноста, и оттаму создавање на атмосфера на доверба.

На ова ниво има чувство за споделена визија и вредности каде граѓаните имаат своја улога во градењето на заедницата.

### Ниво 6: Правење промени

Шестото ниво на свесост на заедницата се однесува на продлабочување на чувството на внатрешна кохезија во заедницата кое започнува на ниво 4 со материјализирање на вредностите на слобода и еднаквост, и продолжува на ниво 5 со практикување на правичност, отвореност и транспарентност.

Тука има свесност за значењето на природата и животната средина.

### Ниво 7: Служба

Седмото ниво се надградува на ова преку продлабочување и проширување на меѓународната соработка во однос на разрешување на проблемите на човештвото, и во исто време продлабочување на чувството на внатрешна кохезија кај нацијата преку поддршка на само-актуелизацијата на масите и проширување на фокусираноста на општествената одржливост и одржливоста на животната средина, за да се вклучи и еколошката одржливост.